Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од познат подносител до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 50-та седница одржана на 22.07.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-2638/1 од 10.08.2020 година оформен по пријава поднесена од подносителот ------- до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2638/1 од 10.08.2020 година бидејќи не се потврдени наводите во пријавата.

Предметот број 12-2638/1 од 10.08.2020 година да се затвори и архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2638/1 од 10.08.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносител -----------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за незаконистости и неправилности поврзани со објавување на конкурси за стипендии од Градежниот факултет при Универзитетот -------------- и доделување на стипендии на студенти по градежништво од непознати компании во 2018, 2019 и 2020 година.

Со цел проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК со Барање за прибарање на податоци и информации со број 12-1087/1 од 09.03.2021 година побара од Ректорот на Универзитетот ------------ да се достави целосна информација за тоа дали во изминатите три години, 2018,2019 и 2020 година се објавени конкурси за стипендирање на студенти запишани на Градежниот факултет при Универзитетот -------, дали е спроведена простапка на прибирање на апликации на заинтересирани кандидати, дали е оформена комсија за спреведување на постапката по објавените конкурси и дали е извршена селекција, рангирање на пријавените кандидати на конкурсот, да се достави копие од целокупната документација (одлуки, записници и друго), и да се наведе изворот од каде се обезбедени финансиските средства (назив на компанијата , податоци за основачот/управителот), да се наведе вкупниот износ на финансиски средства кои се обезбедени за оваа намена, како и да се достави список на лица кои се избрани за стипендисти (име и презиме и месечен износ на стипендијата и вкупно исплатен износ по лице), како и други податоци релеванти за споменатите постапки спроведени по објавените конкурси.

Во законски утврдениот рок беше доставен одговор од Ректорот на Универзитетот ------------.

При разгледување на предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид предметните наводи и по извршените проверки и увид во доставената документација го утврди следното:

Во текот на 2019 и 2020 година Факултетот за градежништво и архитектура при Универзитетот ------------ нема објавено конкурс за доделување на стипендии за студенти.

Врз основа на утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во конкретниот случај не се потврдени наводите во пријавата, па оттаму ДКСК заклучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметиот случај и предметот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил:
Одобрил: м-р В.Г., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**